Ангажманот е во рамките на проектот Пристап на Ромите до фондови (ПРФ) Македонија, кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Иницијативата за социјална промена (ИнСоК), како дел од програмата „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите“ (МтМ) на Фондацијата Институт Отворено општество, Будимпешта.

Ангажманот на асистентот е за период од 12 месеци, со полно работно време.

Од избраниот кандидат се очекува: обезбедување на административна/логистичка подршка во спроведување на проектот (поддршка во информативната канцеларија, поддршка на протокот на информации од и до давателите на услуги и целната група, организирање состаноци за персоналот, одржување на врски со заинтересираните страни, собирање релевантни информации за ЕУ и другите фондови, како и за националните развојни политики релевантни за Ромите, ажурирање на базата на податоци и веб-сајтот и други административни/логистички работи поврзани со спроведување на проектот.

Кандидатите за оваа позиција треба да ги исполнуваат следните **услови**:

- универзитетско образование, (препорачливо во општествени науки)
- напредно познавање на англиски јазик;
- познавање на други локални јазици (ромскиот, ќе се смета за предност);
- напредно познавање на компјутерски вештини
- најмалку 3 години докажано искуство во проектно спроведување (планирање, спроведување и набљудување);
- знаење и разбирање на состојбата на ромската заедница, политиките насочени кон Ромите, други соодветни јавни политики, како и процесот на пристап кон ЕУ;
- познавање на проектниот менаџмент на ЕУ ќе се смета за предност;
- предност ќе биде дадена на кандидатите кои припаѓаат на ранливи групи (вклучително Роми и жени).

Заинтересираните кандидати треба да доставаат работна биографија во формат на ЕУ и мотивациско писмо од една страница (двата документи на англиски јазик и контакт информации) најдоцна до 20 март 2014 по електронска пошта на следната адреса: insoc@insoc.org.mk.